Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-205/6
15-05-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-205/1 од 12.2.2025 година поднесена од адвокат во име на од , а против Основно јавно обвинителство Велес, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудството и управата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 25.4.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на правосудството и управата од страна на Основно јавно обвинителство Велес, врз

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") беше поднесена претставка заведена под архивски број 08-205/1 од 12.2.2025 година од страна на адвокат во име на врз основа на етничка припадност во областа на правосудствота и управата, а против Основно јавно обвинителство Велес (понатаму „**ОЈО Велес**").

Во претставката е наведено дека на ден 27.12.2024 година во околината на градот Велес лицата сите тројца од , со уредни документи издадени со потпис и печат од страна на подрачната единица на ЈП Македонски шуми, Шумско стопанство „Бабуна" Велес, сечеле дрвја. Понатаму, наведено е дека лицата биле затекнати од страна на шумската полиција и несовесно се однесувале кон именуваните, на начин што еден од нив им се обратил со навреди по етничка основа и го удрил лицето Сејат Зекиров при што тој паднал на земја и се здобил со телесна повреда. Во продолжение, наведено е дека за овој кривично правен настан ОЈО Велес поведува постапка против трите лица Роми и предложил определување на мерка притвор. Адвокатот смета дека ОЈО Велес го повредило начелото на рамноправност по етничка основа од следните причини:

- И покрај тоа што во записникот за испитување на осомничено лице, било наведено дека шумскиот-полицаец навредувал лице Ром по етничка основа, обвинителот не повел никаква постапка против шумската полиција;
- Само затоа што осомничените биле Роми, обвинителот предложил мерка притвор заради опасност од бегство, а осомничените сами се пријавиле во СВР Велес и
- За да бил оправдан притворот, дополнително се товареле осомничените со ново кривично дело.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.2.2025 година испрати Барање за доуредување на претставката од причина што наведените докази во претставката, не беа доставени во прилог до Комисијата, заведено под бр. 08-205/2.

На ден 12.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Доуредување на претставката, заведено под бр. 08-205/3.

Во прилог на доуредувањето беше доставена следната документација:

1. Записник за испитување на осомничениот пред ОЈО Велес
2. Записник за испитување на осомничениот пред ОЈО Велес
3. Решение за определување на мерка притвор К-ПП бр. 264/24 за осомничениот од 28.12.2024 година од Основен суд Велес
4. Решение за продолжување на притвор КСП бр. 1/25 од 3.1.2025 година на Основен суд Велес за осомничениот
5. Решение за продолжување на притвор КСП бр. 6/25 од 29.1.2025 година на Основен суд Велес за осомничениот
6. Решение за продолжување на притвор К.366/24 од 24.2.2025 година на Основен суд Велес за осомничениот
7. Пресуда К.366/24 од 24.2.2025 година на Основен суд Велес
8. Дозвола за сечење дрвја издадена од ШС „Бабуна" Велес

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.3.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до Основно јавно обвинителство Велес, заведено под архивски број 08-205/4. Заради целосен увид во фактичката состојба од страна на Комисијата беше побарано да се достави информација во однос на тоа колку кривични постапки се воделе за кривичното дело предвидено во член 382 од Кривичниот законик и дали досега на некое друго лице му била изречена мерка притвор за истото.

На ден 3.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката, од страна на Основно јавно обвинителство Велес и јавен обвинител Анастасија Миланова, заведено под архивски број 08-205/5.

Од страна на ОЈО Велес е наведено дека во временскиот период од 2023 година до денот на произнесувањето, за кривичното дело спречување службено лице во вршење службено дејствие предвидено во член 382 од Кривичниот законик биле оформени 8 предмети против 16 лица. За седум лица биле поднесени обвинителни предлози, а за едно лице било донесено решение за отфрлање согласно член 288 од Законот за кривична постапка, додека за едно лице бил поднесен предлог за определување на мерка на претпазливост. **Понатаму, се наведува дека за кривичното дело спречување службено лице во вршење службено дејствие предвидено во член 382 од Кривичниот законик, бил оформен предмет против сега осудениот , кој по етничка припадност се произнел дека е Македонец. За именуваниот, ОЈО Велес поднеле предлог за определување на мерка притвор до судијата на претходната постапка при Основен суд Велес поради постоење на основите за притвор предвидени во член 470 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка. Ова од причина што за кривичното дело кое му се ставило на товар на обвинетиот била предвидена висока казна затвор што укажувало на опасност од бегство, а имајќи го предвид видот на кривичното дело, тежината на истото, како и последиците, обвинителството сметало дека постои основан страв дека обвинетиот ќе го повтори кривичното дело. Предлогот бил прифатен од страна на судијата на претходната постапка при Основен суд Велес и на обвинетиот му била определена мерка притвор во траење од 8 дена со Решение К-ПП. Бр.177/23 од 7.9.2025 година, по сите основи од член 470 став 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, како и основите предложени од обвинителството. Во продолжение, се наведува дека мерката притвор спрема обвинетиот со Решение КСП.бр.43/23 била продолжена за време од 30 дена.**

**Во однос на предметот КО.бр.612/24 на ОЈО Велес, кој бил оформен против обвинетите** за кривичното дело спречување службено лице во вршење службено дејствие од член 382 став 2 од Кривичниот законик, против обвинетите од страна на ОЈО Велес била предложена мерка притвор поради постоење на основите од член 470 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, од причина што за кривичното дело кое им се ставило на товар на обвинетите била предвидена висока казна затвор што укажувало на опасност од бегство, а имајќи го предвид видот на кривичното дело, тежината на истото, како и последиците, обвинителството сметало дека постои основан страв дека обвинетите ќе го повторат кривичното дело бидејќи на оштетените им се заканувале со зборовите „Ќе видите вечер, знаеме кај живеете". Обвинителството ценело дека сам со притвор можело да се обезбеди нивното присуство. Дотолку повеќе што делото било сторено со употреба на нож со кој биле повредени двајца шумски полицајци со употреба на моторна пила која му била ставена на врат на оштетениот . Понатаму, се наведува дека обвинетите по настанот влегле во возилото и избегале, којашто околност била таа што обвинителството ја ценело при предлагањето на мерката притвор, а не нивната етничка припадност. Дополнително на ова, обвинителството го проширило обвинението против обвинетите и за друго кривично дело од причина што оштетените изјавиле дека обвинетите им се заканувале со зборовите „Ќе ве најдеме, ќе ве убиеме..." што предизвикало страв кај нив. Во предлогот за определување мерка притвор КО.бр.612/24 од 28.12.2024 година на ОЈО Велес биле наведени сите основи поради кои била предложена мерката. Имено, било наведено дека постоеле околности кои укажувале дека постои опасност од бегство, како и тоа дека се работи за кривично дело против јавниот ред и мир. Понатаму, постоела и опасност дека обвинетите ќе го повторат кривичното дело и да го извршат кривичното дело со кое им се заканувале на оштетените по нивниот живот и тело. Во однос на обвинетиот со Решение на судијата на претходната постапка на Основен суд Велес КПП.бр.264/24 од 28.12.2024 година му биле определени мерките на претпазливост – забрана за напуштање на живеалиштето односно престојувалиштето и обврска обвинетиот да се јавува на определено време службено во судот. Со Решение К.бр.366/24 мерката на претпазливост била продолжена до правосилноста на пресудата. Понатаму, наведено е дека Апелациониот суд Скопје ги прифатил причините за определување на мерката притвор образложени од страна на ОЈО Велес и со Решение КСЖ-41/25 од 29.1.2025 година жалбите на обвинетите поднесени преку адвокат биле одбиени како неосновани и било потврдено решението за притвор на судијата во претходната постапка на Основен суд Велес. Во образложението, Апелациониот суд навел дека првостепениот суд правилно ги ценел сите основи за притвор, како и основите за продолжувањето на мерката притвор за обвинетиот и навел дека во тој стадиум сè уште постоело основано сомневање дека ако обвинетиот бил пуштен на слобода, можел да се даде во бегство, да се крие или на друг начин да стане недостапен за органите за прогон. Наведено е дека на тоа укажувал и фактот што обвинетиот немал заснован работен однос и не поседувал недвижен имот во негово име. Дополнително на ова, Апелациониот суд Скопје заклучил дека првостепениот суд правилно одлучил дека постоеле особени околности, особено ако се имало предвид дека заедно со другите обвинети им се заканувале на оштетените дека ќе ги убијат. Во таа насока, наведено е дека ако обвинетите биле на слобода, сето наведено можело да доведе до извршување на нови кривични дејствија од страна на обвинетиот Понатаму, наведено е дека Апелациониот суд Скопје ги ценел и наводите на одбраната за замена на мерката притвор со друга поблага мерка, но истото не го прифатил од причина што присуството на обвинетите претставувало услов за брзо, непречено и ефикасно спроведување на постапката. Истото не можело да биде обезбедено со друга поблага мерка од причина што во тој стадиум на постапката, не можела да ги даде резултатите и очекувањата од примената на мерката притвор. На крајот од произнесувањето од страна на ОЈО Велес е наведено дека обвинителството не ги делело сторителите на кривични дејствија по етничка припадност, туку секогаш се залагало за

правично водење на кривичната постапка. Во таа смисла, наведено е дека ниту едно лице од која било етничка припадност не било третирано поповолно од подносителите на претставката.

Во произнесувањето од страна на јавната обвинителка е потенцирано дека за обвинетиот била определена мерка на претпазливост – забрана за напуштање на живеалиштето и обврска да се јавува на определено време во Основен суд Велес, а не мерка притвор како што тврдел подносителот на претставката. Во таа смисла, од страна на обвинителката е наведено дека доколку мерката притвор била предложена поради етничката припадност на обвинетите, тогаш таа смета дека би било побарано и за двајцата обвинети, а не само за , којшто бил повратник сторител на повеќе кривични дела за кои биле во тек и други постапки. Од тие причини, на му биле определени само мерки на претпазливост, бидејќи претходно не бил во судир со законот. Дополнително на ова, наведено е дека оштетените во ниту еден записник пред ОЈО Велес не го употребиле зборот Роми.

<u>Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Предлог за определување притвор VI КО.бр.368/23 од 7.9.2023 година
2. Обвинителен предлог со предлог за продолжување на мерката притвор VI КО.бр.368/23 од 12.9.2023 година
3. Решение К-ПП.бр.177/23 од 7.9.2023 година од судија на претходна постапка при Основен суд Велес
4. Решение КСП.бр.43/23 од 13.9.2023 година на Основен суд Велес
5. Пресуда врз основа на признание на вина К.бр.258/23 од 25.9.2023 година
6. Решение КСЖ-120/25 од 18.2.2025 година на Апелационен Суд Скопје
7. Решение на Основен суд Велес К.бр.366/24 од 24.2.2025 година
8. Решение на Основен суд Велес КС.бр.23/23 од 7.9.2023 година
9. Обвинителен предлог со предлог за продолжување на мерката притвор III КО.бр.612/24 од 30.12.2024 година
10. Решение КСЖ-41/25 од 29.1.2025 година на Апелационен суд Скопје
11. Предлог за определување мерка на претпазливост III КО.бр.612/24 од 28.12.2024 година
12. Решение К-ПП.бр.264/2024 од 28.12.2024 година на судија на претходна постапка на Основен суд Велес
13. Решение К-ПП.бр.264/2024 од 28.12.2024 година на судија на претходна постапка на Основен суд Велес
14. Решение К-ПП.бр.264/2024 од 28.12.2024 година на судија на претходна постапка на Основен суд Велес
15. Решение КСП.бр.1/25 од 3.1.2025 година на Основен суд Велес
16. Предлог за определување притвор III КО.бр.612/24 од 28.12.2024 година

Земајќи ги предвид наводите и доказите од претставката, наводите и доказите од произнесувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во правосудството и правата од страна Основно јавно обвинителство Велес врз лицата Билал Зекиров и Сејат Зекиров, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Во таа смисла, член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја забранува секоја дискриминација врз основа на *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, односно подносителот на претставката не стори веројатно дека постои причинско-последична врска меѓу преземените дејствија од страна на Основното јавно обвинителство Велес и етничка припадност на лицата**
**Имено, од доставеното произнесување и приложените докази кон истото, произлегува дека за лицето мерката притвор и продолжувањето на истата е определена врз основа на околности поврзани со природата на кривичното дело, сериозноста на заканите и можноста од повторување на делото, а не поради етничката припадност. Комисијата исто така го зема предвид и фактот што обвинетиот му била определена поблага мерка – мерка на претпазливост, а не мерка притвор. Дополнително на ова, за лице од различна етничка припадност и во слични околности, ОЈО Велес постапувало на сличен начин, што укажува на тоа дека не е направена разлика во постапувањето поради етничка припадност. За да стане збор за дискриминација во конкретниот случај, потребно е обвинителството да постапувало различно со лицата од ромска етничка припадност, во споредба со други лица во идентична или слична ситуација, при што би се утврдило дека етничката припадност била единствената или главната причина за понеповолниот третман. Поради сето наведено, Комисијата оцени дека во конкретниот случај не се исполнети елементите што укажуваат на дискриминација врз основа на етничка припадност.**

Согласно горенаведното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:
- Адвокат
- Основно јавно обвинителство Велес, ул. „8-ми септември" бр.54, 1400 Велес

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk